Архимандрит Лазар (Абашидзе)

# ЗА ТАЈНИТЕ БОЛЕСТИ НА ДУШАТА



НАСЛОВ НА ОРИГИНАЛОТ:
**О тайных недугах души**
**архимандрит Лазарь (Абашидзе)**

Превод од руски: Сашо Кузмановски
Уредник: Наташа Данчевска
Лектор: Вера Тодоровиќ
Корица и подготовка за печат: Сашо Кузмановски
Печат: Студентски сервис, бул. Јане Сандански— 63/7,
1000 Скопје
Издавач: Икона, бул. Партизански одреди— бр. 9, Скопје
тираж: 500
www.ikona.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

271.2-584
271.2-423.5

ЛАЗАР (Абашидзе), архимандрит
За тајните болести на душата / Архимандрит Лазар (Абашидзе) ; [превод од руски Сашо Кузмановски]. - Скопје : Икона, 2025. - 157 стр. ; 21 см

Превод на делото: О тайных недугах души. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4993-82-7

а) Духовен живот -- Православие б) Грев -- Православие

COBISS.MK-ID 67560965

# СОДРЖИНА


Што е особено важно на почетокот на духовниот живот ............... 5
Каде и како да се научиме за светото покајание ............................. 9
Дали душата се исцелува брзо ........................................................ 25
Какви се особините на нашето време .............................................. 30
Треба ли „ревносните“ христијани да се плашат од пеколот?....... 37
Како самоомаловажувањето може да се поврзе со внатрешниот мир ................................................................................................ 43
Како демоните можат, предлагајќи навидум добро, да нè уловат во своите мрежи ........................................................................... 46
Како евангелското добро се разликува од човечкото добро .......... 66
Кога нашата ревност за христијански подвизи не му е угодна на Бога ............................................................................................... 71
Како е надворешното христијанско делување поврзано со внатрешното................................................................................. 77
Како можеме да грешиме мислејќи дека во себе имаме вистинска љубов кон бога........................................................................... 79
Како можеме да се залажуваме себеси мислејќи дека имаме љубов кон ближниот ................................................................................ 86
Како душевната и телесната ревност однадвор може да изгледа како света и побожна ревност ...................................................... 95
Дали е корисно за христијанинот-почетник да ги поучува ближните за делата на верата ........................................................ 97
Дали е корисно за христијанинот-почетник да размислува за возвишени духовни теми ........................................................... 102
Кога послушанието не е угодно на бога ....................................... 105
Какви заблуди се случуваат при извршувањето на молитвата .... 109
Кои се причините за солзите и кога тие се правилни? ................ 121
Што значи „неразумно да се трудиш“.......................................... 125
Како смирението може да биде лажно ......................................... 136
Како човек да научи да ги препознава сплетките на страстите и Замките на лукавите духови ....................................................... 139
Заклучок ........................................................................................ 146
За читањето на светите отци ........................................................ 150


W.S. 92-10-06

# ШТО Е ОСОБЕНО ВАЖНО НА ПОЧЕТОКОТ НА ДУХОВНИОТ ЖИВОТ

Оној што внимателно ги читал поуките на Светите Отци на Црквата, сигурно забележал дека во тие учења најмногу се зборува за покајание, смирение и плач пред Бога поради сопствените гревови. Отците за ова пишувале толку многу што речиси на секоја страница од книгите на Светите Отци може да се најде слична поука. Меѓутоа, колку и да звучи чудно, токму ова учење, овој најважен закон на духовниот живот, денес христијаните најмногу го занемаруваат, го извртуваат и нарушуваат. И тоа не е случајно! Зашто овој век оди кон својот страшен крај и се приближува времето на севкупното отстапување од вистината, времето кога ѓаволот и севкупната прелест ќе завладеат со светот – луѓето сè повеќе се заглибуваат во своите страсти, паѓаат во сите гревови и заблуди. Првата и главна болест на овој век е гордоста, и токму таа најмногу ја подига својата глава. Апостол Павле јасно прорекол дека во последните времиња луѓето ќе бидат: „Саможиви, среброљупци, самофалци, горди, хулители, непокорни спрема родителите, неблагодарни, неправедни, недружељубиви, непомирливи, клеветници, невоздржливи, нескротливи, недоброљупци, предавници, пребрзи, надуени, повеќе сластољупци отколку богољупци, на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле“ (2 Тим. 3, 2–5), и слично. И веќе сега секој духовник што се труди да им помогне на верниците кои доаѓаат кај него за да ги исцелат своите душевни болести, знае колку е тоа денес тежок подвиг, колку се овие болести длабоко вкоренети во човечките души, колку се сите – од најмал до најголем – обземени од безумна гордост, суета и себичност, колку се зборлести, надмени, чувствителни, колку се своеволни, непокорни, непослушни и недоверливи. А тоа е најтешкото во духовниот живот. Денес речиси никој не му верува на својот духовен отец; секој повеќе го слуша својот разум, луѓето им се

обраќаат на духовниците само формално, само затоа што така е вообичаено, а во суштина се потпираат само на себе. Воопшто, сликата на денешниот духовен живот е многу жална, и ако некој од древните отци би ја видел со својот очистен поглед, веројатно не би можел да ја поднесе таа глетка и горко би заплакал заради нашите души. Така, на Пахомиј Велики, кој живеел уште во четвртиот век, од Бога му било дадено видение за тоа како ќе живеат последните монаси. Потоа долго плачел, страдал и одбивал да јаде (житието на преп. Пахомиј според стариот календар се слави на 15 мај). Меѓутоа, ние толку сме навикнати на оваа состојба што воопшто и не ја гледаме својата несреќа. Многу страсти денес толку отворено се шират меѓу христијаните, што луѓето ги сметаат за сосема невини, па дури и за забавни карактерни црти, никој не се ужаснува од нив, никој не ги спречува, иако многу од тие „лудории“ директно ја убиваат душата и сејат духовна смрт околу оној што ја пројавува таа страст, заразувајќи ги и другите.

Од таквата бедна состојба, поради напуштањето на правилното учење на Светите Отци на Црквата, поради отсуството на искусно и внимателно пастирско раководство над верните, се случува погубно отстапување од спасоносниот пат, и тоа, се разбира, најнапред се огледува во тоа што христијаните го губат (или не го наоѓаат) вистинскиот дух на покајание, правилниот поглед на својата гревовност, на својот пад. Поедноставено кажано: не знаеме кои сме навистина, каков е нашиот однос кон Бога, какви сме пред Него, колкава е Неговата величина и каква е нашата грдотија.

Ова знаење го дава Православието! Самото ова свето слово веќе многу зборува: правилно славење на Бога, односно точно и верно поимање на Божјата величина, слава и достоинство, соодветно на таа величина искажување на пофалба, славословие кон Седржителот, Творецот на небото и земјата, на сѐ видливо и невидливо. Но ова знаење е неразделно поврзано со правилното и точно разбирање на нашиот сопствен пад, ништожност и недостојност и со тоа да го изговараме Божјото Име со страв и трепет. Постојано вознесување на Бога и постојано смирување на себеси – тоа е Православие! Нашата гордост, нашиот горделив ум, ако веднаш не почнеме да го задушуваме и газиме, како што

архангел Михаил на иконите ја гази змијата-сатаната (според зборовите на свети Теофан Затворник), ќе се обиде да го изопачи овој правилен поглед на себе и да ни го прикаже нашиот пад како не толку длабок, а нашите добри особини како многу повозвишени и посигурни отколку што навистина се. Оттука произлегува одвратното изопачување на духовниот вид, нашето око станува мрачно, а во душата се создава пеколна бездна. Колкава несреќа произлегла од тоа! Ако внимателно се анализира учењето на секој еретик и расколник, ќе се види дека кај нив најголемите отстапувања се токму во разбирањето на покајанието и на тоа како Бог гледа на нашите срца, колку е строг и колку е милостив кон нас. Така, римокатолиците мислат дека спасението се постигнува само со надворешни добри дела без очистување на длабочините на срцето. Протестантите, напротив, сметаат дека е доволна само верата, а делата на покајание не се важни, дека сите наши гревови веќе ги искупил Исус Христос на Крстот: само верувај и исповедај ја својата вера со збор, и тоа е доволно. Во тој дух, сè повеќе се шират отстапувања од правилното разбирање за тоа кои сме ние, како треба да живееме за да ја добиеме Божјата милост и што е неопходно за спасение.

Патот на духовниот живот е исклучително сложен: како што на пример, не е едноставно да се научи сликарство или музика – колку труд, знаење, навика и разни вежби се потребни за тоа, при што многу навики во уметноста се развиваат некако интуитивно, па дури не можат јасно ни да се изразат или појмат со разум. А уште многу зависи и од учителот, од училиштето. Но, зар духовниот живот не е уште посложен, не е ли потаен? Тука е голема тајна, тука речиси сè е невидливо. Тоа е наука над сите науки и уметност над сите уметности! Како може човекот во духовниот живот да се фати за работа набрзина, вообразено, според некој нејасен повик на душата, да се предаде на власт на непознати чувства, и да суди за своите душевни движења и расположенија само според вкусот што го предизвикуваат во нас? Во духовниот живот опасностите се многу пострашни, тука не се губи име и имот како при бавење со уметност, тука се губи вечноста, животот. Тука се среќава силно спротивставување на злите сили – и во нас и околу нас; на патот нè пречекуваат

расипаноста на непријателот, лукавство по лукавство, замка по замка. И ете ја болната слика: големо е мноштвото прелажани христијани. Мнозина од нив паѓаат во безумие, прават страшни дела, проповедаат бесмислици. Затоа што вистинското учење – светотаинско, православно и смирено – почнало да се изобличува и заборава, па и оваа прелест денес често се прифаќа како нормална појава, дури и разни состојби на занес, жар, фанатизам, засновани врз самоизмама, се прифаќаат како дејство на благодатта, и се сметаат за „препород на верата“, за почеток на „нова ера“.



# КАДЕ И КАКО ДА СЕ НАУЧИМЕ ЗА СВЕТОТО ПОКАЈАНИЕ

Човек може да се научи на правилно покајничко расположение на душата, така да се каже, „од колено на колено“, односно може да најде смирен духовен наставник кој во себе го носи овој дух на покајание и скрушеност, и непосредно од него да го наследи тој длабок, спасоносен и животворен воздиг поради својата бедна и падната душа, а воедно со тоа и радосната надеж на неизречливата Божја милост. Или пак, ако не најде таков учител, човек може да се научи на овој дух ако внимателно ги чита Светите Отци на Црквата, со особена грижливост од нив да ја прими таа наука на исклучително смирено саморазгледување, крајно недоверие кон себе во сѐ, внимателен однос кон сите душевни расположенија, кон сите свои чувства, таа наука на постојано самоосудување, внатрешен плач за себеси, чувство на сопствена ништожност, свест за своето отуѓување од Бога и несталноста на животот на оваа земја.

Поради тоа е полезно да се читаат древните отци, а особено се поучни примерите од животот на анахоретите (Аскети, пустиножители) – тие особено напредувале во стекнување на покајничкиот плач за себеси и во смиреноумието. Во поуките на преподобен Јован Лествичник, игуменот на Синај, многу се зборува за тоа како под маската на добродетелите често се кријат тајни страсти. Правилно насочување во покајанието даваат поуките на ава Доротеј, светите Варсануфиј Велики и Јован Пророк. Мноштво важни совети може да се најдат и кај отците од подоцнежните времиња, особено е корисна книгата „Невидлива борба“ на Никодим Светогорец, многу пристапни се и прекрасните писма на епископ Теофан Затворник, а со покајнички дух се одликуваат и поуките, писмата и животот на отците од поновото време – монасите што живееле кон крајот на минатиот и во првата половина од нашиот век, кои претрпеле невидени страдања и прогони. Но, на потребите на нашево последно време, по

дух, по пристапност, по убавина и сила на зборот, најмногу одговара подетално образложеното учење за покајанието и за лукавството на злите духови во книгите на епископ Игнатиј (Брјанчанинов). Тоа учење, како да претставува сублимат на целокупното учење на Светите Отци на Црквата – објаснето и применливо на проблемите на последниве времиња.

Ќе наведеме некои извадоци од книгите на овој отец кои се однесуваат на нашата тема и зборуваат токму за следново: како да се најде спасоносниот пат, како да се разликува вистинското чувство на Бога од лажното, од прелеста, и како да се зачуваме од заводливото ласкање на непријателот.

На ова прашање кај епископот Игнатиј наоѓаме јасен одговор.

„Слушај, возљубен брате, слушај – по што се разликува дејството на прелеста од Божественото дејство! Кога прелеста му пристапува на човекот – било како мисла или мечтаење, или како суптилно мислење, било како некое привидение што се гледа со телесните очи, или како глас од невидливиот свет што се слуша со телесните уши – таа никогаш не пристапува како господар со неограничена власт, туку како заводничка што бара согласност од човекот и која дури по неговото одобрување добива власт над него. Нејзиното дејство, било однатре или однадвор, секогаш е надворешно дејство, и човекот секогаш може да го одбие. Прелеста секогаш се среќава со некоја сомнежливост на срцето – само кај оние над кои таа целосно завладеала нема веќе сомневање. Прелеста никогаш не го соединува човекот ранет од гревот, не го запира движењето на крвта, не го учи подвижникот на покајание, не го смирува пред себеси – напротив, таа ја буди фантазијата, ја распалува крвта, му носи некаква безвкусна, отровна наслада, муласка лукаво, го наведува на гордост, и во душата го издига идолот 'јас'.

Божественото дејство е нематеријално: не се гледа, не се слуша, не се очекува, незамисливо е, не може да се објасни со никакво споредување од овој свет; доаѓа и дејствува тајно. Најнапред му го покажува на човекот неговиот грев, непрестајно го поставува страшниот грев пред неговите очи, предизвикува во душата самоосудување, ѝ го покажува падот, ужасната, темна и

длабока бездна во која паднал нашиот род со гревот на нашиот прародител – и сето тоа го прави постепено“.

„Светата вистина во срцето се јавува како тишина, спокој, јасност, мир, покајничко расположение, внатрешно смирување, недоверба во себе, утешна надеж во Бога. Лагата, дури и кога е облечена во маска на добрина, се препознава по немирот, темнината на неизвесноста, променливоста, забавата, мечтаењето; таа го измамува срцето – му носи лажна наслада, опијанетост од себеси, некаква нејасна, матна сладост. И таа сладост на заведено срце наликува на привидна тишина што ја покрива површината на длабокиот темен вртлог во кој живеат чудовишта.

Човечкиот ум не е способен да разликува добро од зло. Злото што се маскира, речиси секогаш ќе го измами. И тоа е многу природно, зашто човечкиот ум е млад, а оние што се борат со него преку зли помисли имаат искуство во борбата, лукавството и ловот на човечки души повеќе од седум илјади години. Разликувањето на доброто и злото му припаѓа на срцето – тоа е негова функција. Но, и тука е потребно време, потребна е истрајност во евангелските заповеди за срцето да стекне изострен вкус за разликување на вистинското вино од лажното... Додека срцето не стекне навика да го разликува доброто од злото, многу е полезен искусниот совет на ближниот – воспитаник на Источната Црква, единствената света, единствената вистинита, кој во послушноста на неа ја наоѓа вистинската слобода... Надвор од непоколебливата послушност кон Црквата нема ни вистинско смирение, ни вистински духовен разум; таму владее големата власт на темното царство на лагата и самоизмамата што таа ја произведува“ (т. 4, п 11).

„...Нуркачот се спушта во длабочините на морето за да пронајде скапоцен бисер, така и Светите Отци се повлекувале во длабоките пустини, таму длабоко се задлабочувале во себе и наоѓале разни скапоцени духовни бисери: смирение слично на Христовото, детска простота и незлобливост, бестрастие слично на ангелското, расудување и духовна мудрост – со еден збор, го наоѓале Евангелието... Еден монах му рекол на Сисој Велики: „Се наоѓам во состојба на постојано спомнување на Бога“.

Преподобниот Сисој му одговорил: „Тоа не е големо – големо ќе биде кога ќе се сметаш себеси полош од секое создание.“

Возвишено занимање е – постојаното сеќавање на Бога! Но оваа височина е многу опасна ако скалилото кон неа не е поставено врз цврстиот камен на смирението.

Погледнете како Светото Писмо се совпаѓа со учењето на Светите Отци! Писмото вели: „Зашто жртви не сакаш... Жртва на Бога е дух скрушен; срце скрушено и смирено, Бог, нема да го отфрли“ (Пс. 51, 16–17). Жртвите, па дури и самите човекови жртви-паленици, треба да се засноваат на чувството на духовна сиромаштија, на покајание. Ако тоа го нема – Бог ги отфрла.

...Изгледа, никој не проникнал во Евангелието толку длабоко како што тоа го направиле светите пустиножители. Тие се труделе да го остварат Евангелието во самиот живот, во самите свои мисли и чувства. Се одликувале со најдлабоко смирение; човечкиот пад бил постојана тема на нивното размислување, нивна постојана грижа биле солзите за сопствените гревови.

Во сосема друг правец тргнале подвижниците на Западната црква и писателите за нејзиниот подвижнички живот по отпаѓањето на таа Црква од Источната и нејзиното западнување во погубната темнина на ересите... Тие веднаш себе и своите читатели ги повлекуваат кон височини недостапни за почетници, се занесуваат себеси и нив. Разгорената, често и бесна фантазија кај нив го заменува сето духовно, за кое тие немаат никакво поимање. Тие ја сметаат таа фантазија за благодат...

Светите Отци на Источната Црква не го водат читателот во прегратките на љубовта или во висините на визиите – туку го насочуваат кон разгледување на својот грев, на својот пад, го водат до исповедта на Искупителот, до плачот за себеси пред милосрдието на Создателот. Тие нè учат најнапред да ги воздржиме нечистите желби на телото, да го направиме телото лесно и способно за духовна дејност. Потоа се обраќаат кон умот, го исправуваат неговиот начин на мислење, го очистуваат од помислите што ги усвоил по нашиот пад, заменувајќи ги со мисли од обновената човечка природа, живо прикажани во Евангелието. Со исправувањето на умот, Светите Отци се грижат и за очистување на срцето, за промена на неговите навики и чувства. Потешко е